Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈП Водовод и канализација - Скопје**, за пресадување на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 2 (две) дрва (бреза и кедар) , што се наоѓаат во објектот на ЈП Водовод и канализација на **ул. Маршал Тито во Матка, ПС Сарај – Скопје.**
2. Пресадувањето на зеленилото треба да го организира барателот под надзор на ЈП Паркови и зеленило – Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП Паркови и зеленило – Скопје
3. Пресадувањето да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП Паркови и зеленило – Скопје да изготви записник за сите дејствиа предвидени во точка 1 од ова решение.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**ЈП Водовод и канализација - Скопје, ул. Лазар Личеновски бр. 9,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/181** од **26.03.2024** година, за пресадување на зеленилото што се наоѓа во објектот на ЈП Водовод и канализација на **ул. Маршал Тито во Матка, ПС Сарај – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП Паркови и зеленило – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, зеленилото предмет на барањето пречи околу објектот со неговата поставеност.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 6 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај инфраструктура (комунална, некомпатибилна и друга) се сметаат за тип на останато зеленило.

Во член 14 од истиот закон стои дека, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши

пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) во соработка и под надзор на ЈП Паркови и зеленило – Скопје.
Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/181/2**
**04.04.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
Барателот
ЈП Паркови и зеленило – Скопје
и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор

**Зоран Лапевски**

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈП Водовод и канализација**, за кастрење на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 6 (шест) дрвја (5 кедари и бреза), односно намалување на врвовите на стеблата, како и расчистување на самоникната ниска вегетација, што се наоѓа **во објектот на ЈП Водовод и канализација на ул. Маршал Тито во Матка ПС Сарај – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата и расчистувањето на самоникната ниска вегетација да се изврши и организира од барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата и расчистувањето на самоникната ниска вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈП Водовод и канализација Скопје, ул. "Лазар Личеновски" бр. 9 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/181** од **26.03.2024** година, за кастрење на дрвја, односно намалување на врвовите на стеблата и расчистување на самоникната ниска вегетација што се наоѓа **во објектот на ЈП Водовод и канализација на ул. Маршал Тито во Матка ПС Сарај – Скопје.**

Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **02.04.2024** година. При тоа е утврдено дека, дрвјата предмет на барањето имаат разгранета крошна и суви гранки, поради што потребно е да се изврши кастрење, односно намалување на врвовите на стеблата поради опасност да паднат во дворното место и подигнување на долните ниски гранки, како и да се изврши расчистување на самоникната ниска вегетација.

Согласно член 11 став 1 точка 6 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај инфраструктура (комунална, некомпатибилна и друга) се сметаат за останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри односно намалат врвовите на стеблата, да се подигнат долните ниски гранки и да се изврши расчистување на самоникната ниска вегетација, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/181/3**
**04.04.2024** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Пом.Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**